**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 05-3812/1
22.08. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 4, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-3772/4 од 22.08.2018 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош - донација за справување со последиците од пожарите во пошироката околина на градот Атина - Република Грција

1. Со оваа Одлука се доделува финансиска помош - донација за справување со последиците од пожарите во пошироката околина на градот Атина - Република Грција, во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на Република Македонија, посебен Фонд за солидарност.

2. Финансиските средства од точката 1 од оваа Одлука, ќе се издвојат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, остварени во 2018-та година, а ќе се уплатат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на Република Македонија – Фонд за солидарност преку Комерцијална банка, сметка број 300000001327966, даночен број: 4030984271620.

3. За предметната финансиска помош - донација за справување со последиците од пожарите во пошироката околина на градот Атина - Република Грција, ќе се склучи Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Црвениот крст на Република Македонија, кој ќе стапи во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Македонија.

4. Оваа Одлука ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а ќе се применува по добиено позитивно мислење од Министерството за правда на Република Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член

4, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-3772/4 од 22.08.2018 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да донесе одлука за доделување финансиска помош - донација за справување со последиците од пожарите во пошироката околина на градот Атина - Република Грција со која се доделува финансиска помош - донација за справување со последиците од пожарите во пошироката околина на градот Атина - Република Грција, во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на Република Македонија, посебен Фонд за солидарност. Финансиските средства од точката 1 од оваа одлука, ќе се издвојат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, остварени во 2018-та година, а ќе се уплатат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на Република Македонија – Фонд за солидарност преку Комерцијална банка, сметка број 300000001327966, даночен број: 4030984271620. За предметната финансиска помош - донација за справување со последиците од пожарите во пошироката околина на градот Атина - Република Грција, ќе се склучи Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Црвениот крст на Република Македонија, кој ќе стапи во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Македонија.

Оваа Одлука ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а ќе се применува по добиено позитивно мислење од Министерството за правда на Република Македонија.

Врз основа на погоре наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:

- Министерството за правда на Република Македонија;
- Црвениот крст на Република Македонија;
- Секторот за правни работи; и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архивата на Агенцијата.